(1) Со оваа одлука се донесува техничка исправка во ДУП за Урбан Блок 2, населба Маџари 1, МЗ Хиподром, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-881/8 од 02.11.2004 година), за ГП 8.8.

(2) Техничката исправка во ДУП за Урбан Блок 2, населба Маџари 1, МЗ Хиподром, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-881/8 од 02.11.2004 година), за ГП 8.8, во целост е изработена во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26, 87/26) како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.

**Член 2**

(1) Во ДУП за Урбан Блок 2, населба Маџари 1, МЗ Хиподром, Општина Гази Баба - Скопје донесен со Одлука бр.07-881/8 од 02.11.2004 година, евидентирана е неусогласеност во планската документација, за формираната градежна парцела ГП 8.8 во Урбан модул 8 во табелата од нумерички податоци, неточно е исчитана површината на градежната парцела која графички изнесува 289 м², а во табелата е наведено 296 м², што е потврдено со Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени од ГЕОПОЛАРИС ДОО Скопје (дел.бр.08-262/25-3 од 16.10.2025 година).

(2) Следствено на оваа неусогласеност, во табелите од нумеричкиот дел кои дефинираат вкупни податоци на ниво на Урбан модул, се јавува неусогласеност во збирните параметри за површина на локација.

**Член 3**

Техничката исправка во ДУП за Урбан Блок 2, населба Маџари 1, МЗ Хиподром, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-881/8 од 02.11.2004 година), за ГП 8.8, со Тех.бр.0801-2/26/ТИ-2 од 06/2026 година, изготвена од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, содржи:

**СОДРЖИНА**
Насловна страна

Податоци за изработувачот

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ИЗВОД ОД ДУП**

**ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА**

- Вовед
- Планирана состојба според усвоена планска документација
- Техничка исправка

**Прилози:**
- Планска документација - нумерички дел според план
- Планска документација - нумерички дел според техничка исправка

**Член 4**

Одлуката за донесување на техничка исправка во ДУП за Урбан Блок 2, населба Маџари 1, МЗ Хиподром, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-881/8 од 02.11.2004 година), за ГП 8.8, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на техничката исправка.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на техничка исправка во ДУП за Урбан Блок 2, населба Маџари 1, МЗ Хиподром, Општина Гази Баба - Скопје (Одлука бр.07-881/8 од 02.11.2004 година), за ГП 8.8, е должен примерок од донесената Техничка исправка во електронска форма да ја објави на својата веб страна.

**Член 6**

Техничката исправка е составен дел на Деталниот урбанистички план, кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за кој што важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5713/41**
**од 26 август 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА КП 370/10 КО ТРУБАРЕВО**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 370/10 КО Трубарево, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 август 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5436/40**
**од 27 август 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.22/25, 1/26 и 5/26), член 4 став (3) од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објект на КП 370/10 КО Трубарево, бр.28-3/2047-1-2026 од 05.05.2026 година, поднесено од Ивана Ангеловска од Скопје и известувањето за констатирана фактичка состојба од сектор за урбанизам и градежно земјиште, бр.28-3/2047/8 од 27.07.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 26 август 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА КП 370/10 КО ТРУБАРЕВО**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се усвојува барањето за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 370/10 КО Трубарево, бр.28-3/2047-1-2026 од 05.05.2026 година, поднесено од **Ивана Ангеловска** од Скопје, со адреса на ул."30" бр.6 н.м Трубарево, по спроведена постапка и доставено известувањето за констатирана фактичка состојба од сектор за урбанизам и градежно земјиште, бр.28-3/2047/8 од 27.07.2026 година.

(2) Прилог кон барањето меѓудругото е приложена нотарски заверена изјава УЗП 11500/2026 од 03.06.2026 година на барателот дека по ставање во употреба на објектот, истиот ќе го користат за сопствено домување најмалку 10 (десет) години во согласност со одредбите од член 2 став (1) алинеја 6 од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25).

**Член 2**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 100% кој го наплаќа Општина Гази Баба, а за кој со оваа одлука се ослободува од плаќање барателот од членот 1 од оваа одлука, е во износ од 73.960,00 денари, утврден со пресметка за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште бр.28-3/2047-7-2026-ПР од 02.06.2026 година.

**Член 3**

Ако по спроведување на постапката, издадено правосилно одобрение за градење, изградба на објектот во законскиот рок, ставање во употреба и запишување во јавните книги за запишување на правата на недвижностите, изградениот објект се оттуѓи од барателот/сопственикот во рок пократок од 10 (десет) години од денот на изградбата односно ставање во употреба на објектот, барателот ја плаќа целата сума на надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 100% кој го налаќа Општина Гази Баба, со казнена камата.

**Член 4**

Секторот за урбанизам и градежно земјиште по службена должност, периодично со увид во јавните книги за запишување на правата на недвижностите што ги води Агенцијата за катастар на недвижностите, ја проверува фактичката состојба со изградениот објект, односно дали настапиле околности од членот 3 од оваа одлука, а во врска со членот 5 од Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25).

**Член 5**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште заради продолжување на постапката за издавање на одобрение за градење.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5713/42**
**од 26 август 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР - ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за отстапување на времено користење на недвижна ствар - дел од деловен простор, на Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на Град Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 август 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5436/41**
**од 27 август 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 5 алинеја 3 од Договорот за соработка склучен помеѓу Општина Гази Баба и Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на Град Скопје (број 03-4799/1 од 22.07.2026 година / број 03-1161/1 од 17.07.2026 година) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 26 август 2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР - ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба на Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на Град Скопје му отстапува на времено користење на **5 (пет) години** без надомест, недвижна ствар - дел од деловен простор во населба Маџари, на улица "Благоја Стефковски" бр.64А, дел од зграда број 1, влез 1, приземје, број 1, на КП 1314 КО Маџари, со вкупна внатрешна површина од 222 м² од кои отстапена површина е **38,44 м²** - дел од деловна просторија (ДП) 1 со вкупна површина од 103,45 м².

### Член 2

Деловниот простор од членот 1 од оваа одлука во вкупна површина од 222 м² е запишан во имотен лист бр.66665 за КП 1314 КО Маџари, во сопственост на Општина Гази Баба.

### Член 3

Делот од деловниот простор опишан во членот 1 од одлука се дава на времено користење без надомест за периодот определен во членот 1 од оваа одлука на Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на Град Скопје, исклучиво и само за извршување на дејноста, за која субјектот - корисник е регистриран во согласност со закон, а во насока на непречено функционирање на услугата "помош и нега во домот", како дел од проектот финансиран од Министерство за социјална политика, демографија и млади преку Светска банка.

### Член 4

Се дава согласност на Договорот за соработка склучен помеѓу Општина Гази Баба и Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на Град Скопје (број 03-4799/1 од 22.07.2026 година / број 03-1161/1 од 17.07.2026 година).

**Член 5**

Се дава согласност на Договорот за отстапување на општински простор за функционирање на услугата „помош и нега во домот“ во Општина Гази Баба, во рамки на проектот финансиран од Министерство за социјална политика, демографија и млади преку Светска банка, склучен помеѓу Општина Гази Баба и Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на Град Скопје (број 03-4941/1 од 29.07.2026 година / број 03-1193/1 од 29.07.2026 година), врз основа на Договорот за соработка од членот 4 од оваа одлука.

**Член 6**

Се задолжува општинската администрација по влегување во сила на оваа одлука, со записник да изврши предавање на недвижната ствар - дел од деловен простор во владение, помеѓу Општина Гази Баба и Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на Град Скопје.

**Член 7**

Доколку деловниот простор се користи спротивно на членот 3 од оваа одлука, истото претставува основ за престанок на правото на користење за што одлучува Советот на Општина Гази Баба, односно основ за раскинување на Договорот за отстапување на општински простор за функционирање на услугата „помош и нега во домот“ во Општина Гази Баба, во рамки на проектот финансиран од Министерство за социјална политика, демографија и млади преку Светска банка, склучен помеѓу Општина Гази Баба и Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на Град Скопје (број 03-4941/1 од 29.07.2026 година / број 03-1193/1 од 29.07.2026 година).

**Член 8**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, започнува периодот за времено користење без надомест на недвижната ствар - дел од деловен простор.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5713/43**
**од 26 август 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР - ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДОМ НА КУЛТУРА "11 ОКТОМВРИ", НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА**

1. Се објавува Одлуката за отстапување на времено користење на недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври", на Министерство за дигитална трансформација, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 август 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5436/42**
**од 27 август 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 3 од Меморандумот за соработка склучен помеѓу Министерство за дигитална трансформација и Општина Гази Баба (бр.09-1599/2 од 20.07.2026 година / бр.03-4658/1 од 15.07.2026 година) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 26 август 2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР - ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДОМ НА КУЛТУРА "11 ОКТОМВРИ", НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба на Министерство за дигитална трансформација му отстапува на времено користење на **5 (пет) години** без надомест, недвижна ствар - деловен простор во Дом на култура "11 Октомври" населба Чento, на улица "Методија Андонов - Ченто" бр.81Б, дел од зграда број 1, влез 1, приземје, број 1, на КП 3666 КО Сингелиќ 1, со нето површина од 25 м².

### Член 2

(1) Деловниот простор од членот 1 од оваа одлука е дел од објект на културен центар во вкупна површина од 1.696 м², запишан во имотен лист бр.24478 за КП 3666 КО Сингелиќ 1, во сопственост на Општина Гази Баба.

(2) Отстапениот деловен простор со нето површина од 25 м² е по следната нотификација и површина, согласно Основен проект за реконструкција со тех.број Р-37/24 од 2024 година:

- канцеларија 2 - 25 м².

### Член 3

Деловниот простор опишан во членот 2 од одлука се дава на времено користење без надомест за периодот определен во членот 1 од оваа одлука на Министерство за дигитална трансформација, исклучиво и само за извршување на дејноста, за која субјектот - корисник е регистриран во согласност со закон, во насока на имплементација на предметот на соработка утврден во членот 2 од меморандумот за соработка, односно за:

1. Отворање на Центар (Канцеларија) за услуги "Една точка за услуги" - Гази Баба;

2. Унапредување на соработката во ИТ проектите во насока на обезбедување на поквалитетни и подостапни услуги за граѓаните.

**Член 4**

(1) Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, со министерот кој раководи со Министерство за дигитална трансформација, да склучи договор за отстапување на времено користење без надомест на недвижна ствар - деловен простор, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижната ствар.

(2) Со денот на склучување на договорот од ставот (1) од овој член, започнува периодот за времено користење без надомест на недвижната ствар.

**Член 5**

Се задолжува општинската администрација по склучување на договорот од членот 4 од оваа одлука, со записник да изврши предавање на недвижната ствар во владение, помеѓу Општина Гази Баба и Министерство за дигитална трансформација.

**Член 6**

Доколку деловниот простор се користи спротивно на членот 3 од оваа одлука, истото претставува основ за престанок на правото на користење за што одлучува Советот на Општина Гази Баба, како и раскинување на договорот за отстапување на времено користење без надомест на недвижна ствар - деловен простор од членот 4 од оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5713/44**
**од 26 август 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 7.36 И ГП 7.37, ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 11, БЛОК 07, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ (Донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), СО НАМЕНА А2 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 август 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5436/43**
**од 27 август 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 63 став (18) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 26 август 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 7.36 И ГП 7.37, ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 11, БЛОК 07, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ (Донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), СО НАМЕНА А2 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), со намена А2 - Домување во станбени згради.

(2) Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите од важечкиот ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), како и согласно Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Со Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, се утврдува нова парцелација на ГП 7.36 и ГП 7.37. За ГП 7.36 се одредува нова диспозиција на површината за градење и организација на внатрешниот сообраќај и инфраструктурите во проектниот опфат, додека за ГП 7.37 површината за градење се задржува истата како од постојниот ДУП, бидејќи согласно истиот добиено е одобрение за градење со бр.УП1бр.28- 8/2022 од 06.04.2022 година за објект кој е во завршна фаза на реализација.

**Член 3**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 7.36 и ГП 7.37, од ДУП за Градска четврт ЦС 11, Блок 07, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-4439/19 од 17.11.2015 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, е изработен од Друштво за производство, трговија и градежништво ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт Тетово, со тех. бр 04-51-1/2021 од јули 2026 година.

**Член 4**

Урбанистичкиот проект е со следната содржина:

## 1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД
1. ОДОБРЕНА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА СО ПРЕДЛОГ ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА
2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ.

3.1. Опис на основната класа на намена на градбите во градежните парцели
3.2. Нумерички показатели за урбанистички параметри за проектниот опфат
3.3. Нумерички показатели на градбите во градежните парцели
3.4. Сообраќај
3.5. Озеленување
3.6. Основни водови на инфраструктурата
*3.6.1. Водоснабдување*
*3.6.2. Фекална канализациона мрежа*
*3.6.3. Атмосферска канализациона мрежа*
*3.6.4. Електроенергетска инфраструктура*
*3.6.5. Телекомуникациска инфраструктура*

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕПАРЦЕЛАЦИЈАТА
5. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

5.1. Градежна парцела
5.4.2. Наменска употреба на земјиштето во границите на проектниот опфат
5.3. Други посебни услови

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

6.1. Мерки за заштита на културно наследство, конзерваторски основи
6.2. Заштита на животната средина
*6.2.1. Мерки за заштита на водата*
*6.2.2. Мерки за заштита на почвата*
*6.2.3. Мерки за управување со отпад*
*6.2.4. Мерки за заштита од бучава*
6.3. Мерки за заштита и спасување
*6.3.1. Засолнување*
*6.3.2. Мерки за заштита и спасување од поплави*
*6.3.3. Мерки за заштита од пожар*
*6.3.4. Мерки за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства*
*6.3.5. Мерки за заштита од урнатини*
*6.3.6. Мерки за сообраќајни несреќи*
*6.3.7. Евакуација*
*6.3.8. Згрижување на загрозеното и настраданото население*
*6.3.9. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита*
*6.3.10. Прва медицинска помош*
*6.3.11. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло*
*6.3.12. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло*
*6.3.13. Асанација на теренот*
6.4. Мерки за спречување на бариери на лицата со инвалидност

7. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

## 2) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ.. М=1:1000
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ..... М=1:1000

3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА на:земјиштето во проектниот опфат,изградениот градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат и инвентаризација на изградената комунална инфраструктура .............................М=1:1000
4. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ со табела со нумерички показатели за градбите во проектниот опфат..........................................................................................М=1:1000
5. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ за проектниот опфат сообраќаен план .................. М=1:1000
6. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ на инфраструктурата,приклучни точки за инфраструктурни водови ..........................................................................М=1:1000
7. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ за проектниот опфат - план на зеленило ...............М=1:1000
8. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ - синтезен план ...................................................... М=1:1000

**3) ПРЕЧИСТЕНА ВЕРЗИЈА**

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5713/45**
**од 26 август 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03, ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 10, БЛОК ЦС 10.02, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ (Донесен со Одлука бр.09-274/6 од 27.01.2022 година), СО НАМЕНА А2 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 од ДУП за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-274/6 од 27.01.2022 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 август 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5436/44**
**од 27 август 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 63 став (18) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 26 август 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03, ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 10, БЛОК ЦС 10.02, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ (Донесен со Одлука бр.09-274/6 од 27.01.2022 година), СО НАМЕНА А2 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 од ДУП за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-274/6 од 27.01.2022 година), со намена А2 - Домување во станбени згради.

(2) Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 од ДУП за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-274/6 од 27.01.2022 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите зададени со важечкиот Детален урбанистички план за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-274/6 од 27.01.2022 година), како и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Со Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 од ДУП за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09-274/6 од 27.01.2022 година), со намена А2 - Домување во станбени згради, од претходно планираните три градежни парцели, односно ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 се формира една градежна парцела ГП 2.01-02-03.

**Член 3**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 2.01, ГП 2.02 и ГП 2.03 од ДУП за Градска Четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба, Скопје (донесен со Одлука бр.09274/6 од 27.01.2022г), со намена А2 - Домување во станбени згради, е изработен од Друштвото за производство, трговија и градежништво ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО експорт-импорт Тетово, со технички број 04-04/2026 од јуни 2026 година.

**Член 4**

Урбанистичкиот проект е со следната содржина:

### 1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД
1. ОДОБРЕНА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА СО ПРЕДЛОГ ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА
2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ.

3.1. Опис на основната класа на намена на градбите во градежните парцели
3.2. Нумерички показатели за урбанистички параметри за проектниот опфат
3.3. Нумерички показатели на градбите во градежните парцели
3.4. Сообраќај
3.5. Озеленување
3.6. Основни водови на инфраструктурата
*3.6.1. Водоснабдување*
*3.6.2. Фекална канализациона мрежа*
*3.6.3. Атмосферска канализациона мрежа*
*3.6.4. Електроенергетска инфраструктура*
*3.6.5. Телекомуникациска инфраструктура*
4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ
4.1. Градежна парцела
4.4.2. Наменска употреба на земјиштето во границите на проектниот опфат
4.3. Други посебни услови
5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕПАРЦЕЛАЦИЈАТА
6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА
6.1. Мерки за заштита на културно наследство, конзерваторски основи
6.2. Заштита на животната средина
*6.2.1. Мерки за заштита на водата*
*6.2.2. Мерки за заштита на почвата*
*6.2.3. Мерки за управување со отпад*
*6.2.4. Мерки за заштита од бучава*
6.3. Мерки за заштита и спасување
*6.3.1. Засолнување*
*6.3.2. Мерки за заштита и спасување од поплави*
*6.3.3. Мерки за заштита од пожар*
*6.3.4. Мерки за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства*
*6.3.5. Мерки за заштита од урнатини*
*6.3.6. Мерки за сообраќајни несреќи*
*6.3.7. Евакуација*
*6.3.8. Згрижување на загрозеното и настраданото население*
*6.3.9. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита*
*6.3.10. Прва медицинска помош*
*6.3.11. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло*
*6.3.12. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло*
*6.3.13. Асанација на теренот*
6.4. Мерки за спречување на бариери на лицата со инвалидност

### 2) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ.. М=1:1000
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ..... М=1:1000
3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА на:земјиштето во проектниот опфат,изградениот градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат и инвентаризација на изградената комунална инфраструктура ............................ М=1:1000
4. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ со табела со нумерички показатели за градбите во проектниот опфат........................................................................................ М=1:1000

5. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ за проектниот опфат сообраќаен план ................. М=1:1000
6. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ на инфраструктурата,приклучни точки за инфраструктурни водови ......................................................................................М=1:1000
7. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ за проектниот опфат - план на зеленило ...............М=1:1000
8. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ - синтезен план ....................................................... М=1:1000

**3) ПРЕЧИСТЕНА ВЕРЗИЈА**

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5713/46**
**од 26 август 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИ НА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за верификација на мандати на членови на Локален младински совет на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 август 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5436/45**
**од 27 август 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 18 став (5) од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на РСМ" бр.10/20), член 46-в став (5) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по Одлуката за избор на членови на Локален младински совет на Општина Гази Баба, бр.08-3491/3 од 17.07.2026 година, донесена од Локалното собрание на млади, Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 26 август 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИ НА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Согласно Одлуката за избор на членови на Локален младински совет на Општина Гази Баба, бр.08-3491/3 од 17.07.2026 година, донесена од Локалното собрание на млади, се верифицираат мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Гази Баба, и тоа:

1. **ТАТЈАНА ДАВИДОВСКА**, Здружение за културна соработка Интеркултура,
2. **ЈОВАНА ЛЕФКОВСКА**, Едукативен Центар Идеа,
3. **ДАНИЕЛ ПЕТРОВСКИ**, ТИМ ГА-БА,
4. **МАРКО КОСТОВСКИ**, АДЗ АДРА Скопје, и
5. **МАРТИН МИТРЕВСКИ**, Здружение ГА-БА Скопје.

**Член 2**

Членовите на Локалниот младински совет на Општина Гази Баба имаат мандат од 2 (две) години, со право на уште еден избор.

**Член 3**

Мандатот на избраните членови на Локалниот младински совет на Општина Гази Баба, започнува од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 4**

Членовите на Локалниот младински совет на Општина Гази Баба од своите редови избираат претседател и заменик претседател.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5713/47**
**од 26 август 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 август 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5436/46**
**од 27 август 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (11) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година, бр.04-253/8 од 12.08.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 26 август 2026 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година, бр.04-253/8 од 12.08.2026 година, изготвен и предложен од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

### Член 2

Одлуката да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

### Член 3

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по влегување во сила на оваа одлука, да донесе Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година и да го достави на мислење до Министерството за јавна администрација.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5713/48**
**од 26 август 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2027 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за за вработување на Општина Гази Баба за 2027 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 август 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5436/47**
**од 27 август 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Предлог - Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2027 година, бр.04-5137/1 од 12.08.2026 година, Советот на Општина Гази Баба на шеснаесеттата седница одржана на 26 август 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2027 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Предлог - Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2027 година, бр.04-5137/1 од 12.08.2026 година, изготвен и предложен од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по влегување во сила на оваа одлука, да го донесе Годишниот план за вработување на Општина Гази Баба за 2027 година и да го достави на мислење до Министерството за јавна администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5713/49**
**од 26 август 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН УПРАВЕН КОМИТЕТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА (ЛЕАП 3), ЗА ПЕРИОД 2027 - 2033 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Локален управен комитет за изработка на Локален акционен план за животна средина на Општина Гази Баба (ЛЕАП 3), за период 2027 - 2033 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 август 2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5436/48**
**од 27 август 2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

